# МЕТРУДХЕМ д.о.о.е.л.,Скопје

**Друштво за производство и трговија**

**Партизански Одреди Бр. 62-2/19**

**☎: 00 389 (02) 30 90 540 факс 00 389 (02) 30 90 541**


Министерство за животна средина и просторно планирање

Управа за животна средина

Ул. Гоце Делчев бб.

1000 Скопје

Предмет: Доставување на Известување на намера за изведување на проект и барање за определување на обемот на оцената на влијанието од работата на инсталацијата за производство на вештачки ѓубрива–ХИВ Згрополци, општина Градско врз животната средина

Почитувани,

Ве информираме дека Инвеститорот „МЕТРУДХЕМ“ од Скопје има намера повторно да го воспостави производството на вештачките ѓубрива–Хемиска Индустрија Велес (ХИВ) Згрополци, која престана со работа во јули 2003 година. Во текот на минатите (скоро 8) години голем дел од објектите и опремата се руинирани и неможе да се инсистира на тоа дека на локацијата има постоечка инсталација. Затоа Проектот за производство на вештачки ѓубрива ќе се третира како проект за нова инсталација.

Согласно член 5, точка 36 од Законот за животна средина (Сл. весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/2008, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11) е дефиниран терминот Постоечка инсталација и со оглед на тоа дека предметната инсталација не ги исполува условите од оваа дефиниција, а согасно на принципите дефинирани во поглавје II (Начела на заштита на животната средина), неопходно е да се спроведат процедурите дефинирани со член 76 и 77 од Поглавје XI (Оцена на влијанијата на определни проекти врз животната средина) и член 95 од Поглавје XII (Интеграни Еколошки Дозволи за работење на инсталациите кои што влијаат врз животната средина).

Проектот вклучува активности за добивање на вештачки ѓубрива. Проектираниот предлог е вклучен во Прилог I од Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на

влијанието врз животната средина (Сл.весник на РМ бр. 74/05) точка 6. Интегрирани хемиски инсталации, т.е. инсталациите за производство, од индустриски обем, на материи со користење на процесите на хемиска конверзија, во коишто неколку единици се поставени една до друга и се функционално поврзани една со друга и коишто се:

- за производство на базни неоргански хемикалии;
- за производство на вештачко ѓубре врз база на фосфор, азот или калиум (прости или сложени вештачки ѓубрива).

Согласно членот 80 од Законот за животна средина (Сл.весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11 година) и релевантната подзаконска регулатива, Ви доставуваме Известување за намера за спроведување на проектот, вклучувајќи пополнет Преглед со кој се утврдува потребата од оцена на влијанието врз животната средина. Дополнително, во согласност со членовите 81 и 82 од Законот за животна средина, со овој допис бараме надлежниот орган да го определи обемот за оцена на влијанието на проектот врз животната средина. За таа цел, во прилог на ова барање Ви доставуваме пополнета Листа на проверка за определување на обемот на оцената на влијанието врз животната средина.

Со почит,

Метрудхем дооел, Скопје

Управител

Тони Димитриоски

Прилог: Известување за намера за спроведување на проектот

Листа на проверка за определување на обемот на оцената на влијанието врз животната средина.